ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

за прогресот на активностите во врска со реализацијата на Проектот:
„Соработка на Владата со граѓанскиот сектор“

Скопје, август 2015

# ВОВЕД

Навремената и квалитетна вклученост на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките и подготовката на законите е од клучно значење за надоградување и целосно спроведување на постојната институционална рамка. Во овој контекст, Владата на Република Македонија на својата Втора седница, одржана на 23.06.2014 година, во рамките на „Точка 132“: Прашања и предлози донесе заклучок под реден број 20 со кој го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од два месеци да ја информира Владата за прогресот и реализацијата на Проектот „Соработка на Владата со граѓанскиот сектор“, а потоа на шест месеци да доставува информации за прогресот на Проектот, со конкретно наведени активности кои се преземени во периодот за кој се однесува информацијата. Постапувајќи по наведениот заклучок Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ја подготви оваа информација со цел да ги информира членовите на Владата на Република Македонија за преземените активности.

Во насока на валоризирање на придонесот на граѓанскиот сектор во развојот на општеството, поттикнувањето на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата, Владата на Република Македонија на 16 јуни 2012 година ја усвои Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акцискиот план за спроведување 2012-2017. Стратегијата е значаен документ во кој се содржани насоки за реформските процеси што треба да се спроведат во следните шест години и целите што треба да се постигнат во насока на промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата и граѓанскиот сектор (здруженија и фондации) преку мерки за зајакнување на заемната соработка.

Покрај ова, во 2011 година Владата на Република Македонија утврди Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики[1] (во понатамошниот текст: Кодекс), чија примена ја следи Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанските организации (во понатамошниот текст: Одделение за соработка со НВО). Секоја втора година од примената на Кодексот се врши оценка на спроведувањето на Кодексот и се даваат препораки за подобрување на соработката. Согласно ова, во текот на месец јули 2015 година Одделението за соработка со НВО дистрибуираше прашалник до органите за државна управа (во понатамошниот текст: ОДУ[2]) и изврши анализа на спроведувањето на Кодексот.

---

[1] „Службен весник на Република Македонија“, бр. 99/2011

[2] Министерство за труд и социјална политика, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за образование и наука, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за

# 1. СУМИРАН ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИТЕ ЦЕЛИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ВО ТЕКОТ НА ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 е усвоена во согласност со Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија каде како значаен фактор во процесот на реформи во државата се истакнуваат степенот на остварување на соработка и партнерство меѓу Владата и граѓанскиот сектор, како и заложбата на Владата за развој на секторот и зајакнување на заемната доверба. Во овие рамки, по претходно направената анализа на состојбите во Република Македонија, потребите на Владата и граѓанскиот сектор и споредбените искуства, следните области беа определени како приоритетни цели за периодот 2012-2017 година:

1. Развиен и одржлив граѓански сектор
2. Учество во процесите на креирање политки, донесување закони и европска интеграција
3. Економски развој и социјална кохезија
4. Граѓански активизам и поддршка од заедницата
5. Зајакната институционална рамка и практики за соработка.

За оваа цел беше формирана и меѓуинституционална мрежа, составена од државни службеници во министерствата кои се одговорни за соработка со граѓанскиот сектор. Во координација со Одделението за соработка со НВО, соработката помеѓу министерствата и граѓанските организации се остварува преку следните форми:

- консултации при донесување на политики и закони;
- вклучување на претставници на граѓанскиот сектор во работни групи, работни и слични тела основани од министерството;
- изработка и спроведување на заеднички проекти финансирани од министерствата, кофинансирани од организациите, или финансирани од други донатори;
- директно финансирање на активности на организациите;
- давање овластувања на организациите да преземаат одредени активности;
- информативни настани;
- вклучување на организации во регионални и меѓународни иницијативи.

---

транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии, Министерство за одбрана, Министерство за надворешни работи, Министерство за култура,Секретаријат за европски прашања и Агенција за млади и спорт.

Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат во текот на периодот јануари – јуни 2015 година активно соработуваше со мрежата на државни службеници одговорни за соработка со граѓанскиот сектор во насока на остварување на приоритетните цели. Истовремено беа организирани и неколку обуки кои придонесоа кон зајакнување на капацитетите за навремено и хармонизирано спроведување на зацртаните цели.

Исто така, како дел од Одделението за соработка со НВО, Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на овој период одржа неколку состаноци на кои меѓу другото беше поттикнато и прашањето за стимулирање на здруженијата и фондациите да аплицираат за добивање на статус од јавен интерес. Во овој контекст, беа разгледани повеќе можни решенија за преземање на конкретни мерки кои би придонеле за зголемување на бројноста на ваквиот тип на организации.

Како главни субјекти кои се задолжени за исполнување на начелата, целите и мерките наведени во Стратегијата, освен Владата на Република Македонија се јавуваат и министерствата и други органи на државна управа. Во продолжение даваме сумиран преглед на постигнатите цели од стратегијата во текот на периодот јануари – јуни 2015 година, при што поединечно ќе се задржиме на преземените активности од страна на ресорните министерства.

Соработката на Министерството за Економија со невладиниот сектор, поконкретно, со организациите за заштита на потрошувачите, се одвиваше во делот на нивно учество во работни групи за донесување на нова и измена на постојната законска регулатива од областа на заштита на потрошувачите, во согласност со законодавството на ЕУ. Исто така, граѓанскиот сектор во овој период учествуваше во подготовката и реализацијата на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите, како и во работата на телото формирано од Владата на Република Македонија – Совет за заштита на потрошувачите. Така, согласно Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2015-2016 година, Министерството за Економија на 03.02.2015 година објави јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на истата. Во првите шест месеци од 2015 година беа одржани и консултации со претставници од граѓанскиот сектор во Координативното тело за општествена одговорност, во врска со структурата и пристапот за изработка на нова среднорочна стратегија за поттикнување на општествената одговорност за периодот до 2020 година. Истовремено, се организираа консултации со претставници од граѓанскиот сектор во рамките на Координативното тело за унапредување на постапката и критериумите за доделување на Националната награда за најдобри општествено одгворни практики на македонските претпријатија во 2014 година.

Агенцијата за млади и спорт во рамките на Програмата за развој на Обединетите Нации (Unated Nations Development Programme) во јануари 2015 година го започна процесот на креирање нова Национална стратегија за млади

за периодот 2016-2025 година. Во рамките на стратегијата беа утврдени следните приоритетни области:

- Локална младинска работа;
- Вработување и поддршка пред вработување;
- Младинско учество;
- Младинско информирање;
- Здравство и превенција;
- Квалитет на живеење и
- Спорт, образование и култура.

Во оваа насока, во текот на февруари – март 2015 година беше објавен повик за ангажирање на фасилитатори како експерти од граѓанскиот сектор за водење на целокупниот процес во рамките на приоритетните области, како и повик за вклучување на претставници од граѓанските организации во овие работни групи. Притоа беа одржани 5 работни средби на секоја од работните групи, а по завршувањето на нацрт - текстот во септември ќе започнат и јавни дискусии за овој документ.

Понатаму, во процесот на подготовка и презентација на предлози на закони и други акти, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одржа низа јавни расправи со граѓанските организации. Имено, до април 2015 година беа одржани осум јавни расправи во однос на Предлог-законот за фитофармација каде што присуствуваа претставници од сите целни групи и тоа: увозници, дистрибутери, трговци на производи за заштита на растенијата, стопански комори и научно – истражувачката заедница. Во овој период се одржа и шеснаесеттиот состанок на Комитетот за следење на Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија за рурален развој (ИПАРД) во кој членуваат три граѓански здруженија кои ги застапуваат интересите на земјоделците. Исто така, во текот на јануари и февруари 2015 година, се одржаа четири регионални работилници за Законот за консолидација на земјоделското земјиште на кои беа присутни претставници на здруженија на земјоделци, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и руралниот развој, подрачните единици и општините.

Во периодот јануари – јуни 2015 година, беа преземени одредени активности и од страна на Секретаријатот за европски прашања во рамките на приоритетната област 2: Учество во процесот на креирање политики, донесување закони и европска интеграција. Како најбитни ги издвојуваме следните:

- Усвојувањето на моделот на работни групи согласно областите во Националниот стратешки документ (во сите осум работни групи предвидено е вклучување на претставници од НВО секторот во процесот на Планирање и програмирање на ИПА помошта за периодот 2014 – 2020 (ИПА II);

- Присуството на граѓанските организации на осмиот и деветтиот TAIB Мониторинг комитет и Заедничкиот Мониторинг Комитет и
- Имплементирањето на следните кампањи: ЕУ Разговори – дискусија за актуелни теми од доменот на Европската интеграција.

На иницијатива на граѓанскиот сектор, Министерството за финансии одржа неколку средби со претставници од граѓанскиот сектор, на кои предмет на дискусија беа прашања поврзани со даночните поволности на граѓанските организации. Со оглед на тоа што во овој период немаше измени на даночните прописи кои се поврзани со граѓанскиот сектор, не постоеше можност за негова вклученост во процесот на подготовка на законските измени. Сепак, во овој период беше остварена успешна соработка со неколку граѓански здруженија при донесувањето и имплементацијата на регулативата од обласста на јавната внатрешна финансиска контрола, преку панел дискусии, видео конференциски врски и веб страната на Министерството за финансии, а исто така граѓанскиот сектор беше консултиран при подготовката на Националната програма за економски реформи. Покрај ова, Министерството за финансии постапувајќи согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на секое барање за слободен пристап до информации од јавен карактер доставуваше навремени одговори.

Министерството за локална самоуправа во периодот јануари – јуни 2015 година ги реализираше следните активности:

- Во соработка со Министерството за култура организраше два промотивни настани за презентација на новите Програми за прекугранична соработка со Бугарија, Албанија, Грција и Косово;
- Извештаите за имплементација на Акцискиот план Отворено владино партнерство – отвореност на локално ниво ги подготвуваше во консултација со граѓанските организации и притоа консултативниот процес се одвиваше во рамките на работната група во која членуваат претставници на владини институции и на граѓански организации
- Се воспоставија Мрежи за инклузивен развој каде членуваат претставници од јавниот, граѓанскиот и бизнис секторот. Нивната задача е да обезбедат институционална соработка на сите релевантни субјекти во регионот, вклучително и граѓанскиот сектор, во планирањето и имплементацијата на политиките и проектите за развој на планскиот регион.

Во функција на зголемување на соработката со граѓанскиот сектор Министерството за локална самоуправа редовно остварува консултативни настани за имплементација на програмите за прекугранична соработка со Косово и со Грција. Исто така, во тек е подготовка на текстот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој каде консултативниот процес со релевантните субјекти започна уште во текот на подготовките за изменување на Законот. Притоа, консултациите се

реализираат со организациите кои што делуваат во рамките на планскиот регион, преку центрите за развој на планските региони, а процесот на консултација ќе биде заокружен со објавување на Предлогот на закон на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР).

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – јуни 2015 година активно соработуваше со асоцијациите за превоз на патници и стока во патниот сообраќај. Соработката помеѓу Министерството за транспорт и врски и асоцијациите се одвиваше континуирано во насока на креирање на политики за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, Законот за превоз во патниот сообраќај, Правилникот за патен налог, Правилникот за посебните техничко – експлоатациони услови за возилата, Уредбата за распределба на транспортни дозволи и на други законски и подзаконски акти кои се потребни за непречено функционирање на патниците.

Во однос на унапредување на соработката со граѓанскиот сектор во текот на периодот јануари – јуни 2015 година, Министерството за информатичко општество и администрација, исто така реализираше значајни активности и тоа:

- Организираше специјализирана обука за унапредување на процесот на проценка на влијанието на регулативата, за вкупно 48 лица вклучени во тој процес.
- Донесе годишна Програма за генерички обуки на административните службеници за 2015 година во која што е опфатена и темата за учество во процесот на креирање политики и донесување закони, при што беа спроведени две обуки со вкупно 27 учесници на тема: „Стратешко лидерство и вештини за креирање на полититки".
- Оформи работна група за имплементација на вториот Акциски план за Отворено владино партнерство во која беа вклучени претставници од сите релевантни институции.

Во функција на спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во периодот јануари – јуни 2015 година, Министерството за животна средина ги вклучи граѓанските организации во процесот на подготовка на предлог закони и тоа: Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за управување со отпад, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина и Предлог-закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата нациоанлен парк. Притоа, подготвените нацрт текстови на законите задолжително се објавуваа на ЕНЕР порталот, каде што јавноста можеше да се информира за сите предлози на закони кои се во подготовка и да достави свои коментари. Истовремено, текстовите за законите се објавуваа и на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање. Беа одржани и 5 јавни расправи за оценка на влијанијата врз животната средина на кои присуствуваа претставници од здруженија на граѓани, како и средби со

граѓански здруженија кои се однесуваа на зголемување на транспарентноста на активностите и директното вклучување на јавноста при креирањето на политики.

Министерството за образование и наука започна со развивање на модели за соработка од страна на меѓусекторска работна група во областите на образование, здравство и култура. Исто така, во насока на вклучување на граѓанските организации во реализација на наставни предмети поврзани со теми за демократија и граѓански сектор, се работеше на продлабочување на разбирањето на наставниците за квалитетна настава и зголемување на нивниот капациет за реализирање на високо квалитетна настава за учениците од основните училишта. Меѓу другото, Министерството за образование и наука беше вклучено во активности кои подразбираат инклузија и подобра настава за ранливите групи на ученици, како и обезбедување на разновидни обуки и техничка помош за училиштата заради остварување на меѓуетничка интеграција во образованието.

## 2. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОДЕКСОТ

Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики се заснова на неколку основни начела и тоа:

- Зголемување на транспарентноста и отчетноста во работата на Владата на Република Македонија и органите на државната управа;
- Унапредување на соработката помеѓу Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор, преку редовна комуникација и консултации во процесот на креирање политики и
- Подобрување на квалитетот на процесите на креирање политики, донесување одлуки и спроведување на утврдените политики од страна на Владата и органите на државната управа, преку користење на експертиза од граѓанскиот сектор.

Во оваа насока, при спроведувањето на соработката помеѓу Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор особено се внимава на почитување на разновидноста и независноста на организациите и нивниот потенцијал за обезбедување стручно мислење; застапување на ставовите на граѓаните, внатрешни консултации во организациите и во рамките на нивните сојузи; почитување на статусот, надлежностите и искуството на сите вклучени страни, како и на договорените заложби и временските рамки. Притоа, за остварување на оваа цел соработката се остварува во облик на информирање, консултации, дијалог и партнерство. Организациите преку давање на предлози можат да дадат свој придонес во процесот на креирање на политики и предлози за политики во кој било период од годината, како и да очекуваат известување и

повратни информации согласно со Кодексот. Покрај тоа, организациите се охрабруваат да учествуваат при изготвувањето на законите и подзаконските акти, подготовката на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија, како и евентуални измени на политиките, доколку проценат дека донесените јавни политики треба да се приспособат на новите околности.

Имајќи предвид дека Генералниот секретаријат редовно ги поттикнува надлежните министерства и другите органи на државната управа за вклучување на организациите чии предлози биле оценети за релевантни и прифатливи, во продолжение ги анализираме податоците за спроведувањето на Кодексот во периодот 2013 – 2015 година.

Како што напоменавме погоре, Одделението за соработка со НВО дистрибуираше прашалник до ОДУ при што беа добиени одговори од петнаесет ОДУ. Органите на државна управа првично требаше да одговорат на прашањето дали се запознаени и дали го применуваат Кодексот, на што дванаесет ОДУ одговорија дека се запознаени и го применуваат постојано, две од институциите се изјаснија дека се запознаени со Кодексот, но го применуваат во повеќе од половина од процесите, а само една институција го применува Кодексот во помалку од половина од процесите. Доколку ваквите резултати ги споредиме со истражувањето кое беше направено пред две години, доаѓаме до заклучок дека постои значително подобрување во однос на примената, но сепак треба да се преземат дополнителни чекори кои ќе обезбедат целосна примена на Кодексот во сите процеси од работењето.

Понатаму, од ОДУ беше побарано да наведат примери за консултации со граѓанскиот сектор при подготовка на најмалку три предлози на закони или други акти во последните две години, со цел да се види до кој степен граѓанскиот сектор навистина е вклучен во ваквите процеси. Во делот што следи прикажуваме на кој начин се оствруvала соработката помеѓу надлежните министерства и граѓанскиот сектор, односно за кои закони, акти, правилници и стратегии граѓанскиот сектор бил вклучен во процесот на подготовка:

- Министерство за внатрешни работи: Законот за азил, Законот за приватно обезбедување и Стратегијата за трговија со луѓе и илегална миграција;
- Министерство за локална самоуправа: Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка, Закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, Закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација и Изменување и дополнување на стратегијата за рамномерен развој;
- Министерство за информатичко општество и администрација: Закон за општата управна постапка, Закон за административни службеници,

Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за медиуми и Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Министерство за образование и наука: Закон за националната рамка за квалификации, Закон за академија на наставници и за Документот „Македонска рамка на квалификации, појдовни основи“;
- Министерство за животна средина и просторно планирање: Закон за води, Закон за управување со отпад и Закон за животна средина;
- Министерство за финансии: Изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Закон за финансиска инспекција, Стратегија за јавна внатрешна финансиска контрола за 2015 – 2017 година и Закон за субвенционирање на станбени кредити;
- Министерство за економија: Јавни расправи за акциони планови, неколку подзаконски акти со учество на невладиниот сектор од областа на енергетиката и животната средина и изготвување на предлог закони кои се објавуваат на веб страницата ЕНЕР;
- Министерство за одбрана: Организирање на конференции и јавни настани и учество при објавување на интернет страницата на ЕНЕР;
- Министерство за транспорт и врски: Законот за градење, Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со намена за домување во станбени згради, Правилникот за техничките карактеристики и димензии на патеката за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: Јавна расправа за Предлог-законот за АД Водостопанство на РМ и Предлог-законот за престанување на Законот за водните заедници, средби со земјоделци во Куманово и Неготино за Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште и јавни расправи во Охрид, Прилеп, Тетово, Струмица, Куманово и во Скопје за Предлог законот за фитофармација;
- Министерство за труд и социјална политика: Предлог Закон за социјално претприемништво, Предлог Закон за вработување на лица со попреченост и измени и дополнувања на Законот за социјална заштита;
- Министерство за надворешни работи: Изработка на Националниот извештај на Република Македонија по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите Нации во вториот циклус, како и консултација со НВО при изработката на нацрт – план за спроведување на препораките добиени по презентацијата на Националниот извештај на РМ по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите Нации;
- Министерство за култура: Јавни трибини и дебати при подготовката и измените на Законот за авторското право и сродните му права;
- Секретаријат за европски прашања: креирање на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), ИПА мониторинг комитети, ИПА II секторски работни групи и јавни дебати и дискусии за процесот на програмирање на Е – билтен и

- Агенција за млади и спорт: Креирање на Националната стратегија за млади 2016 – 2025 како процес кој се спроведува од Агенцијата за млади и спорт во соработка со програмата за развој на Обединетите Нации (UNDP), преку објавување на повик за вклучување на претставници од граѓанските организации и заинтересирани поединци, како и креирање на веб платформа каде ќе се доставуваат предлози и идеи и истовремено ќе можат да се најдат информации за процесот на креирање на Национална стратегија за млади 2016 – 2025.

Најголем дел од ОДУ, одговорија дека го применуваат Кодексот во текот на целата постапка од процесот на креирање на политики што укажува на зголемена свесност за важноста на принципите и одредбите од Кодексот. Меѓутоа, ако земеме во предвид дека две ОДУ се изјасниле дека ги применуваат ваквите одредби само во моментот кога се почнува планирањето, четири од нив само при подготовката на текстот на предлози на закони или други акти, додека една институција ги применува само пред да се поднесе текстот на Извештајот до Владата, доаѓаме до заклучок дека се уште постои простор за понатамошно подобрување на процесот на креирање на политики.

Покрај ова, од институциите побаравме да објаснат и кои инструменти ги користат за вклучување на граѓанскиот сектор при подготовката на предлози на закони и други акти. Во однос на ова прашање наидовме на повеќе различни одговори. Па така, доставувањето на известување преку е – пошта до здруженијата/фондациите со кои соработува органот на државната како инструмент го користат десет ОДУ. Понатаму, најголем дел од нив, односно девет од вкупно тринаесет институции го вклучуваат граѓанскиот сектор при подготовка на предлози на закони и други акти преку консултации на веб страната на органот на државна управа, додека пак консултациите преку ЕНЕР како инструмент се користи од страна на единаесет институции. Исто така, шест ОДУ се изјасниле дека вклучуваат претставници на граѓанскиот сектор во работни групи со цел и тие да бидат инволвирани во подготвката на предлози на закони, а дури четиринаесет од нив одржуваат консултативни средби и јавни расправи со граѓанскиот сектор. Се разбира, освен горенаведените инструменти, постојат и други механизми кои овозможуваат да се земе во предвид мислењето на граѓаните при процесот на анализа на политики, меѓутоа истите варираат во зависност од предметната материја и потребата од инволвираност на НВО секторот.

До институциите беше поставено и прашањето дали се анализираат и објавуваат информациите добиени од граѓанските организации, при што потврден одговор добивме од тринаесет ОДУ. Само една институција има наведено дека ги анализира информациите добиени од граѓанските организации, но истите не ги објавува. Ако направиме споредба со анализата што беше направена пред две години кога потврдно одговорија само половина од институциите, може да заклучиме дека има значително подобрување во

однос на транспарентноста, но и во однос на квалитетот на извршување на целиот овој процес.

Во однос на тоа кои методи се користат за анализирање и објавување на информациите добиени од граѓанските организации, ги добивме следните одговори:

- Шест ОДУ ги објавуваат добиените информации/мислења на веб страната на органот на државна управа;
- Четири ОДУ ги доставуваат информациите/мислењата по е-пошта до организациите со кои соработува органот на државна управа;
- Десет ОДУ подготвуваат извештај за консултациите, вклучувајќи и анализа на процесот и добиените препораки и
- Седум ОДУ го објавуваат извештајот за консултациите на веб страната на органот на државната управа и/или ЕНЕР.

Од добиените резултати може да констатираме дека ОДУ до одреден степен ги користат методите за анализирање и објавување на информации добиени од граѓанските организации, што има своевидно влијание на квалитетот на целиот процес. Сепак, во иднина треба да се продолжи со континуирано следење на процесите со цел да се утврдат слабостите во сите области и се разбира, да се промовираат добрите практики за спроведувањето на Кодексот заради побрзо отстранување на недостатоците.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Стратегијата има за цел да обезбеди услови за препознавање на граѓанскиот сектор како еден од основните актери во секое современо демократско општество, но и како еден од основните партнери на Владата во остварувањето на општествениот развој. Имајќи предвид дека вклучувањето на граѓаните во општествените процеси и поттикнувањето на граѓанскиот активизам може да придонесе кон подобрување на процесот на економски развој, процесите на европска интеграција и задоволување на потребите на заедницата, Владата настојува да креира нови институционални механизми со кои ќе ја стимулира соработката во областите каде што има можности дополнително да се развива.

Еден од механизмите за поттикнување на соработката помеѓу органите на државна управа и граѓанските организации е предвидување на директна одговорност во спроведувањето на мерките и областите кои се во надлежност на ОДУ. Во оваа смисла, од претходно направената анализа каде детално ги образложивме преземените активности од страна на ОДУ во однос на вклучувањето на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, може

да заклучиме дека постои значително подобрување на квалитетот на соработка помеѓу ОДУ и граѓанскиот сектор.

Во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017), се предвидени мерки и за унапредување на примената на Кодексот и тоа:

1. Следење на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики;
2. Утврдување на потребите и можностите за законско уредување на постапката за подготовка на закони и консултации со засегнатите страни и активности по препораките;
3. Вклучување теми за учество во процесите на креирање политики и донесување закони во програмите за обука на државните службеници;
4. Воспоставување модели за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи;
5. Следење на консултациите и вклучување на граѓанските организации; определување на контакт лице во секое министерство одговорно за водење на консултациите;
6. Промовирање на можностите за вклучување на граѓанските организации преку информативни средби, веб - страници и медиуми;
7. Креирање и објавување на електронска база на податоци за учество на граѓанските организации во рамките на консултативни процеси со различни министерства;
8. Активно вклучување и консултирање на граѓанските организации при подготовка на НПАА (во согласност со темите) и преговарачките позиции за членство во ЕУ; вклучување на претставници на граѓанскиот сектор во работните тела за подготовка на преговарачките позиции и преговори со ЕУ.
9. Консултации и соработка на органите на државната управа и граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори и континуирано исполнување на обврските на Република Македонија;
10. Вклучување на граѓанските организации во спроведувањето на Акцискиот план во согласност со принципите на инцијативата „Отворено владино партнерство“ (ОВП).

Со цел да придонесеме кон елиминирање на сите препреки кои ја попречуваат доследната примена на Кодексот, од институциите побаравме да дадат свои предлози за унапредување на примената на Кодексот или за евентуално негово менување. Притоа, дојдовме до еден генерален заклучок дека партнерскиот и конструктивен однос на соработка со НВО секторот практично се покажа како потребен и продуцира позитивни резултати. Ова особено доаѓа до израз кога станува збор за учество при предлагање и донесување на закони и подзаконски акти, што ја наметнува потребата за поголемо промовирање на Кодексот во органите на државната управа. Истовремено, беше предложено да се

интензивираат непосредните контакти и средби помеѓу Здруженијата на граѓани и фондациите со органите на државната управа, во насока на пореално разгледување на предлозите и планираните активности на здруженијата и фондациите.

Конечно, промовирањето на улогата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, како и ажурирањето и подобрувањето на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk преку вклучување на нови содржини кои се планирани во Стратегијата и Акцискиот план, исто така можат да придонесат кон оформување на унифицирана база на податоци за граѓанските организации во различни области и дата база за нивно учество во процесите на креирање политики согласно Кодексот.